**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 03-1705/1

10.04.2025 година / viti

СКОПЈЕ - SHKUP

# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Прилеп

## СОДРЖИНА

Вовед....................3
Постојна понуда....................4
Економско работење на постојните радиостаници и потенцијал на пазарот....................8
Заклучок....................9

# Вовед

Оваа Студија е изработена по доставено Барање од заинтересирана страна за отворање локално радио на подрачјето на Општина Прилеп, и тоа музичко радио од специјализиран формат, кое доминантно ќе емитува популарна (забавна) музика, а јазикот на кој ќе се емитува говорниот дел од програмата ќе биде македонски и српски.

Во членот 70 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) е утврдено дека кога до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е доставено писмено барање од заинтересирана страна за доделување дозвола за радио емитување, доколку согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата ќе изработи студија која треба да утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола.

Имајќи го предвид ова, АВМУ во јануари писмено се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) и побара информација дали на подрачјето на Прилеп постои слободна фреквенција којашто може да се искористи за емитување радиопрограма. На 13.02.2025 година, АЕК ја извести (АВМУ) дека има слободна радиофреквенција, а начелните параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Прилеп се:

- Локација на предавател: Тополчани/Топташ;
- Ефективна иззрачена моќност: 300 W;
- Фреквенција: 90.3 MHz.

За да може најпрецизно да се процени оправданоста за отворање нова радиостаница на подрачјето на Општина Прилеп, во Студијата се анализирани програмската понуда на постојните радиостаници во ова подрачје, нивните економски перформанси, како и пазарниот потенцијал (потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи) во оваа општина.

## Постојна понуда

Радиопрограма на подрачјето на Општина Прилеп емитуваат две радиостаници, и тоа Радио дифузното трговско друштво МАПЕДИТО-РАДИО МЕФФ ДООЕЛ Прилеп и Трговското радиодифузно друштво ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ.

Двете се музичко-говорни радија од општ формат, односно програмски сервиси кај кои говорните содржини претставуваат помеѓу 5% и 15% од вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација, а емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика на неделно ниво.

Двете радиостаници говорниот дел од програмата го емитуваат на македонски јазик.

**Структура на планираната неделна програма (согласно програмските концепти)**

| Структура | Времетраење | |
|---|---|---|
| | РА Мефф | РА Холидеј |
| Говорен дел | 10:00:00 | 19:50:00 |
| Музика | 137:00:00 | 129:10:00 |
| Други програмски сегменти | 21:00:00 | 19:00:00 |

Според програмските концепти[1] кои ги доставија во Агенцијата при доделувањето на дозволите во 2014 година, говорниот дел од програмата на РА Мефф изнесува 10 часа во текот на една недела (од кои седум часа информативни и три часа забавни содржини), а на РА Холидеј 19 часа и 50 минути (од кои четири часа и 35 минути информативни, еден час и 30 минути образовни и 13 часа и 45 минути програми што исполнуваат забавна медиумска функција).

РА Мефф пријавила дека од десетте часа говорна програма што ќе ја емитува во текот на една недела, два часа ќе бидат информативна програма што ќе третира настани, информации и други содржини од значење за подрачјето на Прилеп, а РА Холидеј дека од вкупно 19 часа и 50 минути говорна програма, ќе емитува само еден час и 45 минути програма што ќе третира локални настани релевантни за ова подрачје.

[1] Програмските концепти се достапни на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: https://avmu.mk/програмски-концепт-за-радио-програмс-2/

**Структура на говорниот дел од планираната неделна програма (согласно програмските концепти)**

| | Видови програми | Времетраење по вид програма (часови и минути) | |
|---|---|---|---|
| | | РА Мефф | РА Холидеј |
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 06:00:00 | 03:05:00 |
| | Актуелно-информативна програма | | 00:30:00 |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | | |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | | |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | |
| | Информативни магазини | | |
| | Специјализирани информативни емисии | | |
| | Информативно-забавна програма | | |
| | Инфо-сервис | 01:00:00 | 01:00:00 |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | |
| | Друга информативна програма | | |
| Образовна функција | Образовна програма | | |
| | Образовно-забавна програма | | 01:30:00 |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | |
| | Документарна програма | | |
| | Документарно-забавна програма | | |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | |
| | Друга образовна програма | | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | 01:00:00 | 10:15:00 |
| | Забавна говорна шоу програма | | |
| | Забавно-образовна програма | | 01:00:00 |
| | Забавно-документарна програма | | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | | 02:30:00 |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | 01:00:00 | |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | |
| | Друга забавна програма | 01:00:00 | |
| | Вкупно | **10:00:00** | **19:50:00** |

Според Извештаите за спроведување на обврските утврдени во дозволите за радиоемитување, во 2023 година, РА Мефф во текот на една недела емитувала осум часа и 15 минути говорни содржини и 137 часа и 45 минути музика, а во 2024 година емитувала осум часа и 50 минути говорни содржини и 137 часа и 10 минути музика. РА Холидеј двете години емитувала по 19 часа и 50 минути говорни содржини и 129 часа и 10 минути музика неделно.

РА Мефф има пријавено дека 90% од музиката што ќе ја емитува ќе биде народна музика (и тоа 30% традиционална народна музика, а 60% новосоздадена народна музика), а останатите 10% забавна (поп музика).

РА Холидеј има пријавено дека поголем дел (53%) од музиката што ќе ја емитува ќе биде забавна, и тоа 33% поп и 20% рок музика, и дека 47% ќе биде народна (10% традиционална, 2% етно музика и 35% новосоздадена народна музика).

**Структура на планираната музика (неделно-согласно програмските концепти)**

| Вид | Жанр | Времетраење (%) | |
|---|---|---|---|
| | | РА Мефф | РА Холидеј |
| Народна | Традиционална | 30% | 10% |
| | Етно/World music | | 2% |
| | Новосоздадена народна музика | 60% | 35% |
| | ***Вкупна народна музика*** | ***90%*** | ***47%*** |
| Популарна (забавна) | Поп | 10% | 33% |
| | Џез | | |
| | Блуз | | |
| | Рок/Рок енд рол | | 20% |
| | Електронска музика/техно | | |
| | ***Вкупна забавна музика*** | ***10%*** | ***53%*** |
| Класична | | | |
| Духовна | | | |
| | **Вкупна музика** | **100%** | **100%** |

Во Извештаите за исполнување на обврските од дозволата што ги достави во Агенцијата, РА Холидеј навела дека и во 2024 година и во 2023 година структурата на емитуваната музика била идентична како и планираната, поточно 53% забавна и 47% народна музика, а РА Мефф навела дека во двете години 70% од емитуваната музика била народна и 30% забавна. РА Мефф во двете години емитувала исклучиво музика на македонски

јазик, а кај РА Холидеј 50% од музиката што ја емитувала во 2024 година била на македонски јазик, 30% на српски, 15% на англиски и 5% на други јазици, додека во 2023 година 50% била на македонски, 30% на српски, 5% на англиски и 15% на други јазици.

**Структура на планираната музика (неделно-согласно програмските концепти)**

| | РА МЕФФ | | | РА Холидеј | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно музика во часови | | 137:00:00 | | | 129:10:00 | | 266:10:00 |
| **народна** | **90%** | **123:18:00** | | **47%** | **60:42:30** | | **184:00:30** |
| традиционална | 30% | 41:06:00 | | 10% | 12:55:00 | | 54:01:00 |
| етно | | | | 2% | 2:35:00 | | 2:35:00 |
| новосоздадена | 60% | 82:12:00 | | 35% | 45:12:30 | | 127:24:30 |
| **забавна** | **10%** | **13:42:00** | | **53%** | **68:27:30** | | **82:09:30** |
| поп | 10% | 13:42:00 | | 33% | 42:37:30 | | 56:19:30 |
| рок | | | | 20% | 25:50:00 | | 25:50:00 |

Публиката во Прилеп, во текот на една недела, преку овие две радиостаници добива вкупно 266 часа и десет минути музика, од кои 184 часа народна музика и 82 часа и девет минути забавна музика.

Според жанрот, најзастапена е новосоздадената народна музика, која овие две радиостаници ја емитуваат во вкупно времетраење од 127 часа и 24 минути неделно.

До јануари 2024 година, на подрачјето на оваа општина програма емитуваше и локалната радиостаница РА Чоки, кај која 55% од музиката беше забавна, и тоа 30% поп музика, 10% џез, и по 5% блуз, рок и електронска музика. Дозволата на оваа радиостаница престана да важи по сила на закон, откако во Агенцијата достави писмена изјава дека престанува да емитува програма.

## Економско работење на постојните радиостаници и потенцијал на пазарот

Прилеп е една од општините со означаен пазарен потенцијал, и тоа и од аспект на потенцијалната публика (бројот на жители) и од аспект на потенцијалните огласувачи (бројот на активни деловни субјекти).

Според податоците од Пописот на населенито во 2021 година[2], вкупниот број на жители во Општина Прилеп изнесува 69.025. Повеќе жители имаат само три општини (Куманово, Битола и Тетово).

Бројот на активни деловни субјекти на ова подрачје[3], кои можат да се јават како потенцијални огласувачи, изнесува 2.567 (последни достапни податоци се за 2022 година). Исто како и кај бројот на жители, повеќе активни деловни субјекти има само во Куманово, Битола и Тетово.

Двете радиостаници што емитуваат на подрачјето на Општина Прилеп во 2021 година заеднички оствариле вкупни приходи во износ од 3,01 милион денари, во 2022 година 2,81 милион денари, а во 2023 година 2,91 милион денари.

**Вкупни приходи во последните три години**

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| РА Мефф | 1.02 | 1.08 | 1.08 |
| РА Холидеј | 1.99 | 1.73 | 1.83 |
| **Вкупно** | **3.01** | **2.81** | **2.91** |

РА Холидеј во секоја од овие три години остварувала повисоки приходи од РА Мефф, меѓутоа споредбената анализа на показателите за економското работење на локалните радиостаници од другите општини, покажува дека во општини со помал пазарен потенцијал од Прилеп, локални радиостаници успевале да остварат забележително повисоки приходи. На пример, во 2023 година, РА Кавадарци која емитува во општина со 35.733 жители и 1.648 активни деловни субјекти остварила приходи во износ од 2,90 милиони денари, РА Експрес од Струмица, каде бројот на жители изнесува 49.995, а активни се 2.285 деловни субјети остварила 2,52 милиони денари, а РА 7 од Струга (50.980 жители и 2.159 активни деловни субјети) имала приходи од 2,42 милиони денари.

[2] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

[3] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/400_Delovni_Reg_Ops_Golemina_Vraboteni_ml.px/table/tableViewLayout2/

## Заклучок

Наодите од оваа студија покажуваат дека **постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Прилеп, и тоа за програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, во кое емитуваната музика е доминантно забавна. Програмскиот сервис треба да се емитува на македонски и српски јазик.**

Општина Прилеп има значаен пазарен потенцијал и од аспект на потенцијалната публика и од аспект на потенцијалните огласувачи (само три општини - Куманово, Битола и Тетово имаат поголем број жители и повеќе активни деловни субјекти). Сепак, споредбената анализа на податоците за економските перформанси на радиостаниците од други локални подрачја, со податоците на двете радиостаници од Прилеп (РА Мефф и РА Холидеј), покажува дека во општини со помал пазарен потенцијал од Прилеп, локални радиостаници остварувале повисоки приходи отколку овие две радиостаници, што укажува на тоа дека потенцијалот на пазарот не е оптимално искористен. Двете прилепски радија емитуваат програмски сервиси музичко-говорно радио од општ формат, и од вкупно 266 часа музика што ја емитуваат во текот на една недела, 184 часа се народна музика, а најзастапен музички жанр е новосоздадената народна музика (во вкупно времетраење од 127 часа и 24 минути во текот на една недела). Поднесеното барање се однесува за специјализиран програмски сервис, музичко радио кое ќе емитува забавна музика, што значи дека публиката ќе добие поголема разновидност.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

_______________________

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ